**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | Градоначалник на Град Скопје |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | Сектор за планирање и уредување на просторот |
| **ПРЕТСТАВНИК:** | Александар Јанакиески<br>Помошник Раководител на Секторот за планирање и уредување на просторот |

ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА
за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Кисела Вода за финансиско учество за изградба на атмосферска канализација по дел од улица Димо Хаџи Димов и улица Божидар Аџија – КРАК 2 во Скопје

Скопје,февруари 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02),а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______2022 година, донесе

# О Д Л У К А

## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Кисела Вода за финансиско учество за изградба на атмосферска канализација по дел од улица Димо Хаџи Димов и улица Божидар Аџија – КРАК 2 во Скопје

### Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Кисела Вода и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за финансиско учество на Градот за изградба на атмосферска канализација по дел од улица Димо Хаџи Димов и ул. Божидар Аџија – КРАК 2 во Скопје.

### Член 2

Проценетата вредност за реализација на изградбата на атмосферската канализација од член 1 на оваа Одлука, изнесува 5.808.932,32 денари со вклучен ДДВ.

Изградбата на атмосферската канализација од член 1 на оваа Одлука, во целост ќе ја финансира Град Скопје. За таа цел од Буџетот на Град Скопје за 2022 година, обезбедени се средствата во износ од 5.808.932,32 денари, со вклучен ДДВ.

Средствата од став 2 од овој член, ќе се користат исклучиво за намената од член 1 од оваа Одлука, согласно прописите со кои се уредува изградбата на таков тип објекти.

.

### Член 3

За реализација на оваа одлука градоначалникот на Градот Скопје ќе склучи договор со градоначалникот на Општината Кисела Вода, во форма и софржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __________
________ 2022година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и членот 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), согласно кои Советот на Градот Скопје е надлежен за донесување на одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините. За остварување на заеднички интереси и цели во вршењето на надлежностите, општините здружуваат финансиски и материјални средства. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините.

Врз основа на проценка извршена од страна на изработувачот на проектната документација Ј.П.Водовод и канализација – Скопје, констатирано е дека за реализација на изградбата на атмосферска канализација по дел од улица Димо Хаџи Димов и ул. Божидар Аџија – КРАК 2 во Скопје потребни се 5.808.932,32 денари со вклучен ДДВ

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, Град Скопје ќе ги обезбеди од Буџетот на Град Скопје за 2022 година.
Општината Кисела Вода ќе учествува со издавање на правен акт за реализација на овој објект согласно нејзините надлежности и Законот за градба.
Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.